Врз основа на член 71 од Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, Управниот одбор на Банката на ден 27.11.2025 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**за измена и дополнување на Тарифата на надоместоци на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје во делот на услугите за физички лица**

Се менува и дополнува Тарифата на надоместоци на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, со следното:

1. Се менува тарифен број 12.1.2 Месечен надоместок за одржување на мкд платежна сметка за физички лица резиденти. Тарифниот број се менува и гласи:

| **12.1.2.** | **Месечен надоместок за одржување на мкд платежна сметка** | **МКД** |
|---|---|---|
| а | Месечен надоместок за одржување на мкд платежна сметка на која има реализирано промет во текот на месецот за кој се пресметува надоместокот | 90 мкд<br>без надоместокза корисници на картичка за млади |
| б | Месечен надоместок за одржување на мкд платежна сметка на која нема евидентирано промет, со позитивно салдо на крајот на месецот за кој се пресметува надоместокот | 90 мкд<br>без надоместокза корисници на картичка за млади |

Образложение: Зголемени трошоци на надворешни институции за одржување и управување на системи, трошоци за вработените и мотивирање на клиентите за користењето на пакет услугите за физички лица во кои месечното за оржување на платежна сметка во мкд е без надоместок.

Во Тарифата ќе се направат и исправки на воочени технички грешки и терминолошки усогласувања.

Оваа Одлука стапува на сила на денот на донесувањето.

Промените со оваа Одлука ќе почнат да се применуваат со почеток од 01.03.2026 година.

Одлуката се доставува до сите дирекции, експозитури и архивата на Банката.
Одлука да се објави на интернет страната на Банката и за истата да се известат клиентите на начинот уреден во актите на Банката.

УО. број:0202/2-165/2025
27.11.2025 година

УПРАВЕН ОДБОР